**Објавено на огласна табла на судот на ден 09-05-2025 година**
**ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ**
**СТ.бр.11/25**
**09-05-2025 година**

**ДО**
**ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РСМ**

**Согласно одредбите од чл.60 ст.1 од Законот за стечај, потребно е да го објавите огласот со следната содржина:**

**О Г Л А С**

Основниот Суд Кавадарци, преку стечајниот судија Елизабета Петковска, објавува дека со Решение СТ.бр. 11/25 од 09-05-2025 година:

**Се поведува** претходна постапка за утврдување на причината за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги Д РИСТОУ ДООЕЛ Демир Капија со седиште на ул. Даме Груев бр. 20 Демир Капија со ЕМБС: 7564554 и ЕДБ: 4047022501241, со трансакциска сметка број 300130000049451 што се води при Комерцијална Банка АД Скопје, со приоритетна дејност - останати услуги во врска со информатичката технологија и компјутерите -со означена шифра 62.09.

**Се закажува** рочиште за испитување на условите за отворање на стечајна постапка, на ден **09-06-2025 година во 12,00 часот**, во судница бр.2 на овој суд.

**Се задолжува** должникот Друштво за производство, трговија и услуги Д РИСТОУ ДООЕЛ Демир Капија по приемот на решението да му ги стави на располагање на привремениот стечаен управник, сите податоци и известувања потребни за донесување на одлука во врска со поднесениот предлог, како и да се воздржува од активности со кои би се отежнало исполнувањето на тие обврски.

**За привремен стечаен управник** се определува лицето Томе Петров од Скопје лиценциран и овластен стечаен управник од Скопје ул. Коста Кирков бр. 9 Скопје , регистриран како ПЕКОНС ДООЕЛ Скопје , број на телефон 075-423-320 , e-mail: petrovtome@gmail.com.

При што привремениот стечаен управник се задолжува да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори стечајна постапка и дали имотот е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите и да изготви извештај за економско - финанасиската состојба на должникот, неплатени обврски на должникот по сите основи (придонеси и даноци од плата, други даноци,комунална такса , обврски спрема доверители и сл.).

**Се задолжуваат :** Фонд за здравствено осигурување на РСМ , Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на РСМ , Агенција за вработување на РСМ , Министерство за финансии Управа за јавни приходи и Општина Неготино -Локална Самоуправа да му овозможат на привремениот стечаен управник увид во нивните евидентирани податоци со кој што располагаат со цел да се утврди дали должникот има обврски по основ на неплатени придонеси, даноци и комунална такса и доколку има колку изнесува нивната висина , како и на барање на привременеиот стечаен управник да му достават и писмен извештај за обврските на должникот.

**Се задолжува** должникот да му овозможи на привремениот стечаен управник да влезе во неговите деловни простории за да може да ги спроведе потребните дејствија, како и да му дозволи и му овозможи да изврши увид во трговските книги и неговата деловна документација.

**Решението да се достави** до Централен Регистар на РСМ во кој е запишан должникот.

**Решението да се објави** на огласна табла на Судот, да се објави оглас во Службен Весник на РСМ, како и на страната на Централниот Регистар на РСМ и на веб страната на судот.

ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ